Interreg - IPA CBC
Greece - Republic of North Macedonia
G.EM.S

*The project is co funded by the EuropeanUnion and national funds of the participating countries*

BAS PROFESSIONAL STUDIES IN MANAGEMENT

# БИЗНИС ПЛАНИРАЊЕ | Назив на идеја: Биди тренд, користи стаклен бренд    Име и презиме ___Јан Бекиров_____

## Основни податоци за бизнисот:

| | |
|---|---|
| Вид на бизнисот (малопродажба/угостителска/производство...): | Вид на бизнис: Малопродажба и производство |
| Форма на бизнисот (онлајн/реален/социјално претприемаштво): | Форма на бизнис Социјално претпријатие |
| Дејност на бизнисот (производствена/услужна): | Дејност: производствена и услужна |

## Понуда на вредност/и:

A // Каков **проблем**/**потреба** се обидуваме да им решиме или надминеме на клиентите?
B // Која или каква **вредност** му нудиме на нашиот клиент?
C // Што е тоа што го **издвојува вашиот бизнис од останатите**? (USP)

A: намалување и укинување од употреба на пластични шишиња и долготрајна употреба на стаклени во секојдневниот живот.

B: Со ова претпријатие се нуди здрава и чиста животна средина и зачувување на здравјето од пластичните шишиња кои испуштаат хемиски елементи и нивна долготрајна употреба.

C: Го издвојува тоа што е социјално претпријатие и во него ќе работат лица од маргинализирани групи и ранлици категории, лица со попреченост, невработени лица, легално, + зачувување на животната средина (зелен бизнис).

## Сегмент на клиенти/корисници:

A // За **кого** креираме вредност?
B // Кој е нашиот најважен **клиент/корисник**?

A: Креираме вредност за животната средина (флората и фауната) и за луѓето кои живеат во неа.
B: Млади спортисти, лица со нарушено здравје, бебиња и деца и стари лица (сите луѓе).

| | |
|---|---|
| Возраст | 0-100 |
| Пол | М-ж |
| Приход | 0-10000000€£¥ |
| Професија | Сите |
| Образование | Сите |
| Локација | Битола |
| Хоби | Спортисти, луѓе со здрави животни навики и останатите. |

Идејата за социјално претпријатите е следната. Изградба на фабрика за производство на стклени шишиња за произведувачи на напитоци, вода, млеко и млечни напитоци, алкохол и други течни производи (детска храна и течна храна) кои можат да се чуваат во стакло. Фабриката ќе биди изградена од биолошки материјали кои нема да ја загадуваат средината, на фабриката и во околината ќе бидат поставени соларни панели за струја и вода (за да работи како еден затворен систем). Вода за ладење ќе се зема дел од дождовна вода која ќе се совира во специјални цистерни за собирање на вода и после таа вода ќе се употребува и за други потреби но претходно исчистена со филтри.
Идејата за производство на стакло е да се произведуваат стаклени шишиња (за долготрајна употреба) за компаниите кои произведуваат напитоци, течни работи и сл. и после употреба на тие напитоци да се враќаат шишињата за повторна употреба на истите. (+ се зачувување на ЖС од пластика, заштита од минерали и хемиски елементи од пластиката за здравјето и сл.) Компаниите кои ќе користат наша амбалажа ќе имаат бенефит со тоа што ќе имаат значка и шишето дека се здрави и за лугето и за ЖС. Со порачување на тираж од 100.000 шишиња добиваат ргарис или попуст и + реклама дека се корисници на нашите производи по соц. мрежи и ТВ.
Доколку се корисници повеќе од 10 години имаат гратис за изработка на уникатни јубилејни шишиња за 10 годишнината и значаен јубилеј на фирмата.(дали различна боја, форма и сл тоа со договор со фирмата). Со тоа што ќе е социјално претпријатие фирмата ќе биди ослободена од плаќање на даноци и сл. и уште еден + е дека ќе биде зелено претпријатије и со тоа се добива + од државата и странските фондови за зелена околина. (со тоа што ќе останат парите ќе може да се инвестираат во други зелени апарати или ствари кои ќе бидат корисни за вработените и околината како повисоки плати, бонуси, филтри за прочистување на воздух, вода, и сл. или за добра реклама на фирмата дека во регионот битола постои вакво социјално-еко френдли претпријатие а со добра реклама и голем рејтинг ќе сакаат останати претпријатија социјални или еко претпријатија да соработуваат со нашата фирма, а исто така обуки семинари за тим билдинг на вработените и за важноста на екологијата и обновливите извори).
Услов на сите вработени кои работат во фирмата е садење на дрва околу фирмата, еднаш на 3 месеци (со тоа ќе се добие сплотеност, колективизам на вработените како еден голем колектив), за позеленување на површината. Вработените кои ќе доаѓаат со организиран еко автобус или автомобил на работа ќе имаат бенефит на платата или скратување на работното време. Доколку вработените поседуваа некој претходна обука, семинат неформално или формално учествуваа за зачувување на животната средина или некоја еколошка акција исто така добиваат бенефити на рабоно место (+плата, слободен ден и сл.)
Ресусрси потребни за бизнисот се:
Финансиски од ……..€,
Плац за градење на фабриката,
Човечки ресусри од 1000 вработени (со се шефови, менаџери, обични работници и сл.),
Вадење на лиценци за градење и слична инфраструктура и ПП апарати, менза и сл.
Еко автобуси, панели за струја и вода, филтри за вода и воздух,
Специално буре за собирање на дождовна вода,
Спроведување на канализација и водовод,
Добра реклама/ маркетинг на соц. Мрежи и ТВ за + на претпријатието,
Отварање на маркт, продавница во градот за реклама на фирмата и изработка на шишиња, исто така со продавницата ќе се продаваат производи “брендирани по порачка“ за мали и средни претпријатија и индивидуалци како фармери производители на млеко и млечни производи.